ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, ги разгледа годишните извештаи за работа на Друштвото за 2024 година и на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

(1) Се одобрува и усвојува:

- Годишен извештај за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година;

- Консолидиран годишен извештај за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година.

(2) Годишните извештаи од став 1 се составен дел на оваа одлука.

(3) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

_____

Образложение

На ден 7.3.2025 година Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје на својата седница ја утврди Предлог-одлуката која на ден 16.4.2025 година, врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва, како и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.

Собранието на акционери, по разгледување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година, и на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје за период јануари-декември 2024 година, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.